**646.**

Врз основа на член 49 став (8) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 февруари 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВИДОТ И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВРЗ ОСНОВА НА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА И ОБЕМ НА ИЗВРШЕНА РАБОТА**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат видот и висината на надоместоците на членовите на Одборот за акредитација на високото образование (во натамошниот текст: Одборот за акредитација) врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа.

Член 2

Врз основа на присуство на најмалку една седница во текот на месецот, висината на надоместокот за работата на претседателот на Одборот за акредитација изнесува по 4.500,00 денари по седница, но не повеќе од 9.000,00 денари месечно.

Врз основа на присуство на најмалку една седница во текот на месецот, висината на надоместокот за работата на членовите во Одборот за акредитација изнесува по 3.000,00 денари по седница, но не повеќе од 6.000,00 денари месечно.

Член 3

Висината на надоместокот за претседателот и членовите на Одборот за акредитација врз основа на обем на извршена работа, и тоа:

1. За утврдување дали со проектот за основање на високообразовна установа и поднесената документација се исполнети условите за вршење на високообразовна дејност и утврдување на капацитетот за студирање, како и за донесување на решение за акредитација на проект за основање на самостојна приватна или приватно-јавна високообразовна установа (висока стручна школа, студиска програма на научни институти) на високообразовната установа за претседателот и членовите на Одборот за акредитација, изнесува 3.000,00 денари.

2. За одлучување за акредитација на научна установа за вршење високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус на студии за претседателот и членовите на Одборот за акредитација, изнесува 3.000,00 денари.

3. За утврдување на исполнетост на условите за организирање на студии за нови студиски програми на високообразовната установа и утврдување на капацитетот за студирање на високообразовната установа за претседателот и членовите на Одборот за акредитација, изнесува 4.000,00 денари.

4. За акредитација на студиски програми за период од пет студиски години, како и одлучување за акредитација на ментори на докторски студии за претседателот и членовите на Одборот за акредитација, изнесува 4.000,00 денари.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-2388/1
16 февруари 2021 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Artan Grubi,** с.р.